Дневни биттени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 30.12.2022

На 29.12.2022 во 17.00 часот во С.Бузалково, велешко, полициски службеници од Оперативен тим потврди при СВР Скопје и Специјалната антитерористичка единица „Тигар" го лишиле од слобода М.А.(30) од с.Бузалково. Тој бил осуден на казна затвор од две години и осум месеци за сторено кривично дело „криумарење мигранти" по член 418 од Кривичниот законик, а бил баран со потерница по наредба на Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доиздржување една година и два месеци од казната. Лицето било спроведено во установата доиздржување на казната.

На 29.12.2022 во 23.55 часот во угостителски објект на регионалниот пат за тетовско Фалише, полициски службеници од СВР Тетово, врз основа на наредба од Основен суд Тетово, ја привеле Ц.М. (46) од Република Косово за изјаснување на затворска казна. Таа била спроведена во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 29.12.2022 во 18.30 часот, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода И.А.(23) од Битола, со приверен престој во Охрид. При претрес во домот во кој престојува, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и дигитална вага со остатоци од бела прашкаста материја. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе бидат поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 во 16.30 часот во трговски центар во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја лишиле од слобода И.М.(37) од Гостивар. Таа била фатена при извршување кражба во трговскиот центар, при што одзела повеќе предмети. Одземените предмети биле вратени на сопствениците, а И.М. била задржана во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 во 16.00 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Л.М.(21) од Тетово. При претрес во неговиот дом и помошни простории, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и шест куршуми од различен калибар. Лицето било задржано во Полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 полициски службеници од СВР Битола -ОВР Ресен извршиле претрес во дом на К.К.(57) од Ресен и во продајен објект во Ресен, во негова сопственост. При претресите пронајдени се 6064 парчиња разновидни пиротехнички средства, а сто така пронајдени и одземени се повеќе пакувања тутун. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 во 14.15 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода А.Ш. (31) од Радовиш. При претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени 4786 парчиња разновидни пиротехнички средства. Истиот ден, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода З.М.(41) и Е.Х. (34), двајцата од Струмица. При претрес во дом и други простории, сопственост на З.М., биле пронајдени 707 парчиња пиротехнички средства, а кај Е.Х. биле пронајдени 131 парче различни пиротехнички средства. Сите лица се задржани во полициска станица, известен е јавен обвинителот и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 30.12.2022 во 01.35 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(38) од Свети Николе затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2022 во 22.40 часот на улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар лишиле од слобода давајќи 16-годишни малолетници од гостиварско Здуне затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Во присуство на нивните родители и претставник на Центарот за социјални работи, со малолетниците бил извршен службен разговор. По документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветен поднесок.

На 30.12.2022 во 01.20 часот на улица „Гоце Делчев" во Тетово, полициски службеници од ОВР Тетово го лишиле од слобода А.А.(49) од гостиварска Лаковица затоа што кај него бил пронајден и одземен хероин. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следи соодветна пријава.

На 29.12.2022 во угостителски објект на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода Љ.С.(45) од Битола затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (29.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 147 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина четири санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 33 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за возач почетник, три мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 29.12.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 9 во населено место и 3 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 18.00 до 24.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 4 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 22 другите видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 4 за управување нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 2 за возач почетник, 2 за некористење сигурносен појас...

Во текот на изминатата вечер (29.12.2022) во периодот од 18.00 до 00.00 часот спроведена е сообраќајна контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 39 возачи.

На 29.12.2022 во 09.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на кртосниците од ул.„Московска" со ул.„Прашка" во Скопје, товарно моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ш.С.(20) од С.Сирч, скопско, удрило во З.Г.(23) од Кавадарци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.Г. констатиран во Градската општа болница "8-ми Септември". Извршен бил од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.12.2022 во 16.05 часот во Полициската станица Аеродром, П.П.(20) од Скопје пријавил дека на ул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2022 во 16.15 часот во Полициската станица Гази Баба, А.Ј.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„840" бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2022 во 16.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.К.(52) од Скопје, пријавил дека на ул.„1596" бил каснат од куче скитник.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Д.Д.(40) и Р.Ј.(63), двајцата од Неготино, поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело кражба. Пријавените, работници во АД „ТЕЦ Неготино", во јуни 2022 година во повеќе наврати преточувале турбинско масло од резервоар од кругот на АД „ТЕЦ Неготино", по што Д.Д. со своето возило во пластични туби го носел во својот дом.

Полициски службеници од ОВР Свети Николе при СВР Штип, по преземени оперативни мерки и активности, расчистија три кривични дела „тешка кражба" и 2 кривични дела „кражба" извршени во периодот од 15.11. до 28.12.2022 од пазарот, сендвичара и возила на подрачјето на Свети Николе. Поради сомнение дека ги извршил делата, од слобода бил лишен Б.И.(34) од Свети Николе. Во службен разговор во полициска станица тој ги признал кривичните дела. Дел од украдените предмети биле пронајдени и вратени на оштетените граѓани. По комплетирање на случаите против него ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави.

По преземени мерки и активности, на 29.12.2022 во Демир Хисар, полициски службеници од ОВР Демир Хисар го лишиле од слобода Т.Б(52) од Штип. Тој се сомнини дека извршил 12 кривични дела „тешка кражба" во цркви на подрачјето на Битола, Демир Хисар, Прилеп и Крушево. Тој бил задржан во полициска станица и во службен разговор ги признал делата. Против него, до ОЈО Битола е поднесена кривична пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 28.12.2022, врз основа на наредба од Основен суд Кавадарци, полициски службеници од ОВР Неготино извршиле претрес во домот на М.В.(47) од неготинско село. При претресот, биле пронајдени и одземени 744 парчиња разновидни пиротехнички средства. По целосно документирање на настанот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (30.12.2022), при преземање службени дејствија, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Демир Хисар на пазарот во Демир Хисар пронашле над 1500 парчиња разновидни пиротехнички средства. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2022 во 15.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.С.(39) од село Арачиново, скопско. Тој се сомнини дека на 07.12.2022 заедно со уште едно лице физички ја нападнал својата 21-годишна сопруга во куќата на нејзините родители, по што со закана со оружје ја одвел од домот на нејзините родители. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 29.12.2022 во 15.00 часот во СВР Тетово, 40-годишна жена од Тетово пријавила дека била измамена од сопственик на салон за мебел. Според пријавеното, пред два месеци таа отишла во салонот во тетовско село и поарчала инвентар за куќна. Како што е пријавено, неколку пати после тоа ми дала вкупно 1350 евра, но до денот на пријавувањето тој не ја доставил нарачката, нити пак ги вратил парите. Се преземаат мерките за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Д.(28) од Струга поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори". На 21.02.2022 во Струга, пријавениот му овозможил на лице од Дебар, јасни марихуани. Истиот ден во Охрид, при преглед на патничко возило „ауди а3" со струшки регистарски ознаки, кое го управувал А.Д., а сопатник било лицето од Дебар, кај А.Д. била пронајдена и одземена марихуана.

На 29.12.2022 во периодот од 08.00 до 20.00 часот, полициските службеници од СВР Тетово на тетовско - гостиварското подрачје спроведе мерки и активности за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на СВР Тетово, при што била спроведена акциска контрола за брзо возење, односно пречекорување на максималната дозволена брзина. Притоа, биле констатирани 23 прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-13) надвор од населено место и тоа со пречекорување на брзината, како и 59 останати прекршоци (ТЕ-39 и ГВ-20). За прекршителите се изготвени соодветни платни налози.

На 30.12.2022 во 00.10 часот во СВР Скопје, Р.С.(35) од Скопје пријавила дека на 29.12.2022 околу 20.00 часот во с.Волиново, нејзиниот син бил физички нападнат од А.П.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2022 во 14.30 часот во СВР Скопје, А.Р.(38) од Скопје пријавила дека околу 10.45 часот на подрачјето на Бит Пазар во дворот од основно училиште нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2022 во 17.33 часот во СВР Скопје, М.С.(47) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од С.С. (53) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.12.2022 во 16.00 часот во СВР Скопје, В.А.(36) од Скопје пријавил дека на подрачје на Гази Баба, поради меѓусебно нетрпение и по претходна расправија, бил физички нападнат од соседите А.Д.(21) и Д.Д.(48), двајцата од Скопје, кои употребиле и тупаница. По службен разговор, А.Д. и Д.Д. изјавиле дека В.А. ја започнал расправијата со нив, по што фотил тврд предмет кон нив, по што нападнал физичка пресметка помеѓу него и А.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.12.2022) во 10.41 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Ѓорче Петров" во Скопје настанал пожар во објект, при што била оложарена кровната конструкција. Поведени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипи на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

Денеска (30.12.2022) во 07.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во напуштена куќа на Адвокатска улица, во близина на угостителски објект, било пронајдено починато лице со видливи повреди. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт и бил известен јавен обвинител, по чија наредба телото било дадено за обдукција. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.12.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 20.45 часот на ул.„Владимир Полежаковски" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од П.Б. (33) од Скопје и патничко возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР. Во незгодата со повреди се здобил полициски службеник, кој го управувал возилото, констатиран во Градска општа болница „8 Септември". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 29.12..2022 во 16.10 часот во Полициската станица Кичево, Н.Ј.(47) од Кичево пријавила дека на бул.„Ослободување" во Кичево била каснат од куче скитник.

На 29.12..2022 во 22.20 часот во Полициската станица Кичево, В.З.(23) од Кичево пријавил дека на ул.„Нико Пусоски" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 29.12.2022 во СВР Битола, Д.Д.Т.(45) од Битола пријавила дека на ул.„Ваташа" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Б.(44) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,психотропни супстанци и прекурсори". На 24.12.2022 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одземе хероин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Х.А.(42) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без соодветна лиценца". На 05.10.2022 кртосница од булевар „Брака Гиноски" со улица „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „опел вектра", управувано од пријавениот, при што констатирале дека врши јавен превоз на патници без лиценца издадена од соодветна институција.

Сајт изработен и одржуван од ВЕБ ОДДЕЛЕНИЕТО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Сајт изработен и одржуван од Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет